**Одлука бр. 4**

Управниот одбор на Трениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на 25.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висина на котизацијата за учество на турнирите од Календарот на ТФСМ за 2025 година**

**Член 1**

Котизацијата за учество на турнирите од Зимскиот календар за 2025 година е:

- За Портокалов Тенис котизацијата за 2025 ќе биде 750,00 ден
- За Зелен Тенис котизацијата за 2025 ќе биде 1.200,00 ден
- За ОПМ за Јуниори и Јуниорки до 12, 14, 16, 18 години, мажи и жени, како и Ветерани за 2025 ќе биде 1.800,00 ден

**Член 2**

Котизацијата за учество на турнирите од Летниот календар за 2025 година е:

1. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата/мастерс турнирите од календарот на ТФСМ во категории 12,14,16 и 18 години изнесува:
   - За турнири од летниот календар поединечно изнесува 1.200,00 денари а
   - За турнири од летниот календар за двојки изнесува 1.200,00 денари од тим.
2. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ **во категорија Мажи и Жени изнесува:**
   **со награден фонд до 61.500,00 денари (нето) изнесува:**
   - За турнири од летниот календар до 1.300,00 денари.

   **со награден фонд од 61.501,00 денари (нето) до 123.000,00 денари (нето) изнесува:**
   - За турнири од летниот календар до 1.600,00 денари.

   **со награден фонд над 123.001,00 денари (нето) изнесува:**
   - За турнири од летниот календар до 1.900,00 денари.
3. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во **категорија Ветерани изнесува:**
   - За поединечна конкуренција за турнири од летниот календар по 1.200,00 денари.
   - За турнири од летниот календар за двојки изнесува 1.200,00 денари од тим.
4. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ за **детски тенис изнесува:**
   - Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) турнири од летниот календар изнесува 500,00 денари
   - Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ЗЕЛЕНИ турнири од летниот календар изнесува 850,00 денари
5. Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб на екипните јуниорски турнири **изнесува 2.000,00 денари** по екипа
6. Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Прва македонска лига изнесува 9.000,00 денари**
7. Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Ветеранска лига изнесува 5.000,00 денари**

**Член 3**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите согласно календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

Во случај играчот да не се појави на натпреварот, а истиот е пријавен за турнирот, извлечен е на ждребка и ставен на распоредот на играње, должен е на клубот организатор да му ја плати Пријавнината во цел износ, а ако истиот не го направи тоа обврската за плаќање паѓа на Клубот каде регистриран играчот.

**Член 4**

Тениските клубови кои се пријавиле за учество во Прва Македонска лига или Ветеранска лига согласно календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ најдоцна 3 дена пред одржувањето на натпреварите.

**Член 5**

ТФСМ за сите турнири, првенства и натпревари назначува делегат/врховен судија. ТФСМ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на ТФСМ.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за натпреварите организирани во 2025 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот одбор
Александар Ивановски

Скопје, 25.12.2024 година